Република Македонија
Општина Могила
Бр. 08-160/7
15.02.2019 год.
Могила

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/2002), член 22-а став 1 точка 47 од Статутот на Општина Могила ("Службен гласник на општина Могила" бр.05/2006 и 08/2013) а во согласносто со член 5 од Одлуката за формирање на Општински совет за превенција од малолетничко престапништво. Советот на Општина Могила на седницата одржана на ден 15.02.2019 година, објавува:

# ПОВИК

**За предлагање кандидати за членови на Општинскиот совет за превенција од малолетничко престапништво на Општина Могила**

1. Се покренува постапка за избор на членови на Општинскиот совет за превенција од малолетничко престапништво на Општина Могила.
2. Општинскиот совет за превенција од малолетничко престапништво на Општина Могила се именува за вршење на работи за следење на состојби, покренување иницијативи за нивното подобрување и развивање програми за вклучување на локалната заедница во превенција на малолетничко престапништво и третманот на малолетните сторители на кривични дела и прекршоци.
3. Општинскиот совет за превенција од малолетничко престапништво има 9 членови. Членовите на советот се именуваат за време од пет години, со право на повторен избор.
4. За членови на општинскиот совет се именуваат претставници од подрачните единици и тоа:
- Од Министерство за внатрешни работи
- Од Министерство за труд и социјална политика
- Од Центарот за социјана работа
- Од Совет на родители во основните училишта, од секое централно училиште по еден претставник
- Од Адвокатската комора
- Јавен обвинител кој работи на областа на малолетничка деликвенција и
- Судија за малолетници, односно судија определен од претседателот на судот.

Надлежните институции и тоа: Министерство за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика, Центарот за социјална работа, Јавното обвинителство и Судот, се должни да предложат кандидати за членови на Советот.

5. При предлагање на кандидатите се поднесуваат следните документи кои се во прилог на овој јавен повик:
- СМ-1 образец, предлог – кандидат за член на Советот
- СМ-2 образец, согласност за прифаќање на кандидатурата
- СМ-3 образец, согласност дека кандидатот за член на Советот е предложен во согласност со актите на институцијата.

Документите мора да бидат потпишани и заверени од страна на овластено лице на институцијата која го предлага членот.

**6.** Предлагачот е должен покрај наведените документи во точка 5 да приложи:

- Кратка биографија на кандидатот со CV

**7.** Кандидатите мора да ги исполнуваат следните критериуми:

- Минимум една година искуство во институцијата каде работат.
- Претходно искуство во организирање и спроведување на превентивни активности, на спроведување на малолетничката правда и заштита на правата на децата.
- Претходно да работеле на заштита на интересите на малолетниците.
- Искуство во различни неформални образовни активности, обуки, семинари, работилници.

**8.** Критериумите од точка 7 не се однесуваат за членовите од советот на родители во основните училишта.

**9.** Со цел еднаква застапеност на сите селектирани организации ќе биде селектиран по еден претставник од секој тип организирана група која ќе аплицира на повикот.
Ненавремените документи и нецелосната документација нема да се разгледува.

**10.** Рокот за поднесување предлози за кандидати за членови на Советот на Општина Могила е 8 дена од денот на објавувањето на овој јавен повик.

**11.** Предлозите за кандидати за членови на Општинскиот совет за превенција од малолетничко престапништво на Општина Могила со назнака "предлог – кандидат за избор на член на советот" се доставува на адреса:

Општина Могила

- Комисија за мандатни прашања, избори и именувања

**Бр.08-_____/**
**15.02.2019 година**

**Општина Могила**
**Претседател на Совет**
**Александар Јанкуловски**